**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 03 - 223
25.05. **2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 14 став 1 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 3 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-1622/1 од 12.04.2021 година, поради неисполнување во целост на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 став 1 од Законот за медиуми, од страна на Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет", Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 14-та седница одржана на 21.05.2021 година согласно Заклучокот арх.бр.02-1988/3 од 21.05.2021 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет", заради извршена повреда на член 14 став 1 од Законот за медиуми, а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно во изданието бр.51 за март 2021 година на „Портрет" не ги објавило податоците за: називот на печатницата, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-1622/1 од 12.04.2021 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет" во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 29 од Законот за медиуми надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, на 12-ти април 2021 година, изврши вонреден административен надзор кај субјектот на надзорот: издавачот на печатен медиум Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет" при што констатираше прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми, на начин што Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет" не ја исполни во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно во изданието бр.51 за март 2021 година на „Портрет" не ги објавило податоците за: називот на печатницата, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-1622/1 од 12.04.2021 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет" на 13.04.2021 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-223 од 13.04.2021 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-1622/1 од 12.04.2021 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Во предвидениот рок, Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет" не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Советот на Агенцијата на 14-та седница одржана на 21.05.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет" да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 14 став 1 и член 29 од Законот за медиуми, точка 3 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-1622/1 од 12.04.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 14-та седница одржана на 21.05.2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-1988/3 од 21.05.2021 година донесе Решение со кое јавно се опоменува Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет" и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со

цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-1622/1 од 12.04.2021 година.

**Доставено до:**
- Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет“;
- Управителот на Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет“;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE - AHKUR
Примено / Pranuar 12.04.2021
Организациона единица / Njësia org. 03 | Број / Numri 1622 | Прилог / Shtesë 1 | Вредност / Vlerë

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет", и тоа:

   - изданието бр. 51 на печатениот медиум „Портрет", за март 2021 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 12 април 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на печатен медиум ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која „*Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

   - *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
   - *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
   - *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
   - *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Претходно изречена мерка:** Нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет", во изданието бр. 51 за март 2021 година, не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, во изданието бр. 51 на „Портрет" не ги објавило податоците за:

- називот на печатницата,
- адресата на печатницата,
- датумот на печатење или препечатување, и
- бројот на печатени примероци.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), а согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка - јавна опомена на Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет", и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст - бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година), да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - јавна опомена, да го усогласи своето работење со член 14 став 1 од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***